Бр./Nr 12-679/3

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

05-04-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 84-та седница одржано на ден 31.03.2023 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот со број 12-679/1 од 02.02.2023 година, доставен до ДКСК но насловен до Влада на РСМ со Барање за ставање на дневен ред седница на Владата на повторно разгледување на Одлуката за давање на концесија на ------ ------- на ТИРЗ „--------", **СЕ ЗАПИРА** .

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предмтот поради тоа што во предметниот случај од страна на подносителот повлечена е поднесената пријава.

Предметот со број 12-679/1 од 02.02.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, --------------------------- на ден 02.02.2023 година, доставено е барање насловено до владата на РСМ за ставање на дневен ред седница на Влада на повторно разгледување на Одлуката за давање на концесија на ------ --------- - ----- ------------------------- на дел од ТИРЗ "--------" поради сомневање за неправилности во постапката.

Од страна на подносителот на пријавата до ДКСК доставено е барање заведено под архивски број 12 - 679/2 од 31.10.2019 година, со кое се повлекува пријавата поднесена до ДКСК на ден 02.02.2023 година, а која во архивата на ДКСК била заведена под број 12 – 679/1 .

На седницата, по разгледување на предметната пријава, ДКСК констатира дека во предметниот случај од страна на подносителот на пријавата повлечена е доставената пријава, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за свое натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р В.Г,, Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk